Врз основа на член 13 од Законот за стопанските комори (Службен весник на РМ бр. 17/2011), член 18 став 1 и став 5 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ број. 158/10, 135/11,188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и Службен весник на РСМ број 122/21) и член 24 став 1 точка 1 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, како и врз основа на Одлуката за измена на Статутот на Институтот на овластени ревозори на Република Македонија од 26.09.2018 година, Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, на седницата одржана на 19.10.2021 година во Скопје, донесе:

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ИНСТИТУТОТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Во Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија зборот „Македонија“ се заменува со зборовите „Северна Македонија“, а зборот „ИОРРМ“ се заменува со зборот „ИОРРСМ“.

**Член 2**

Во членот 3 став (3) на Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија зборот „MACEDONIA“ се заменува со зборовите „NORTH MACEDONIA“, а зборот „ICARM“, се заменува со зборот „ICARNM“.

**Член 3**

Во членот 44 став (3), во точки 1), 2) и 3), по зборот „МСР“ се додаваат зборовите „и Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители на IFAC.

**Член 4**

Во членот 45 став (1) на Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија зборот „седум“ се заменува со зборот „пет“.

Во ставот (2) на истиот член, зборот „четири“ се заменува со зборот „три“.

**Член 5**

Во членот 46 став (3) се бришат точка 4) и точка 6).

Точката 5) станува точка 4), точката 7) станува точка 5), точката 8) станува точка 6), точката 9) станува точка 7), точката 10) станува точка 8) и точката 11) станува точка 9).

**Член 6**

Оваа Одлука за измена и дополнување на Статутот на Институтот за овластени ревизори на Република Македонија влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ.

Оваа Одлука се објавува на веб страницата на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

*На 02.11.2021 година, СУНРРСМ даде согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија*

**Член 7**

Се задолжува Управниот одбор да изработи пречистен текст на Статутот согласно донесената Одлука за измена и дополнување на истиот.

***Образложение***

I. *На ден 3 јуни 2021 година Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за измена и дополнување на Законот за ревизија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021). Согласно овој закон се менува називот на ИОРРМ, односно се вршат измените од член 1 и член 2 од оваа Одлука.*

II. *Во однос на надлежноста за одобрување на преводи, обезбедување на упатства и совети за примена и промовирање на примената на Меѓународниот кодекс на етика на професионалните сметководители, таа се пренесува од Дисциплинската комисија на Комисијата за стандарди за ревизија како посоодветно решение. Со измените од член 3 и член 5 од оваа Одлука, надлежностите на Комисијата за стандарди за ревизија кои што се однесуваат на МСР, се дополнуваат со надлежности кои се однесуваат на Меѓународниот кодекс на етика. Надлежностите на Дисциплинската комисија се усогласуваат со Законот за ревизија. Оваа надлежност на Дисциплинската комисија беше преземена од Комисијата за етика која што повеќе не постои како таква.*

III. *Измените од член 4 од оваа Одлука се вршат поради намалување на ингеренциите и обемот на надлежности на Комисијата за сметководствени стандарди, односно бројот на членови на истата Комисија се намалува од 7 члена на 5 члена, со потребен кворум за работа и одлучување од 3 члена.*

**Драган Димитров**
**Претседател на Собранието на ИОРРМ**

*На 02.11.2021 година, СУНРРСМ даде согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија*